# Упатство за пополнување на Барање за регистрација во Регистарот на јавни субјекти

Во делот „**Барател**"- се наведува називот на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Архивски број**"- се внесува бројот под кој Барањето е заведено во архивата на институцијата испраќач на барањето.

Во делот „**Датум и место**" се внесува датумот и местото на Барањето кога и местото каде е заведено во архивата на институцијата испраќач на барањето.

Во делот „**Назив на субјекти**"- се наведува називот на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Адреса**"- се наведува адресата на седиштето на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Раководно лице**"- се наведува името и презимето на раководното лице на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во делот „**Единствен матичен број на субјектот**"- се наведува единствениот матичен број на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти, а со кој е регистрирана во Централен регистар на Република Северна Македонија.

Во делот „**Единствен даночен број**"- се наведува единствениот даночен број на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти, а со кој е регистрирана во Управа за јавни приходи.

Во делот „**Барањето е наменето за**"- се наведува која е целта на доставеното барање, односно дали е потребно да се изврши регистрација на јавен субјект, промена на назив на јавен субјект или затварање на јавен субјект.

Во делот „**Контакт лице**"- се наведува контакт лице кое може да биде контактирано доколку се потребни дополнителни информации.

Во делот „**Телефон**"- се наведува телефонскиот број на лицето наведено за контакт кое може да биде контактирано доколку се потребни дополнителни информации .

Во делот „**е-маил адреса**"- се наведува мејлот на лицето наведено за контакт кое може да биде контактирано доколку се потребни дополнителни информации .

Во делот „**Име и презиме на раководно лице на субјектот**"- е наменет за име и презиме на раководното лице на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Делот „**Потпис и печат**"- е наменет за потпис на раководното лице и печат на институцијата која го доставува барањето за регистрација во Регистарот на јавни субјекти.

Во прилог на Образецот се доставува Решение на Централниот Регистар на Република Северна Македонија (не постаро од шест месеци) со која се потврдува промената (наведена во делот "Барањето е наменето за:„).

Ова барање се пополнува електронски и се доставува до архивата на Министерство за финансии.

**Напомена:** **Корисникот и овластеното лице се одговорни за точноста на податоците.**